Врз основа на член 8, член 9 и член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.101/2019), Директорот на ООУ ,,Киро Глигоров”, Скопје, на ден 11.06.2020 година ја донесе следната:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКО ОСНОВНО УЧИЛИШТЕ
КИРО ГЛИГОРОВ
Бр. 02-256/01
11.06 2020 год.
Центар Скопје

# ОДЛУКА

за определување на службени лица за посредување со информации од јавен карактер на ООУ„Киро Глигоров“ Скопје

1. Со оваа одлука лицата Ана Накова и Емилија Арсовска се определуваат за службени лица за посредување на информации при остварување на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располага ООУ „Киро Глигоров“ Скопје, Центар, како имател на информации.

2. Службените лица за посредување со информации контактираат и ги даваат потребните информации од јавен карактер со кои располага Директорот на Општинското основно училиште „Киро Глигоров“ Скопје, Центар, согласно листата на информации, листа која е утврдена со Одлука бр.02-255/01 од 11.06.2020 година и им помагаат на барателите на информации, вршат чување и давање на информации, согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Законот за основното образование, Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта и Статутот на ООУ „Киро Глигоров“ Скопје, Центар.

3. Службените лица Ана Накова и Емилија Арсовска задолжени за посредување со информации од јавен карактер по добивањето на барањето формираат предмет со сите релевантни податоци со предлог до Директорот на ООУ „Киро Глигоров“ Скопје, кој ќе даде согласност дали да се даде целосна или делумна информација или ќе реши да се одбие барањето за пристап до информациите согласно член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

4. Барањето ќе биде одбиено ако во барањето е наведено дека бараат да добијат информација која врз основа на закон претставува класифицирана информација со соодветен степен на класификација; или информација која претставува личен податок чие откривање би значело повреда на заштитата на личните податоци; или информација чие давање би значело повреда на доверливоста на даночната постапка; или информација кој е стекната или составена за истрага, кривична или прекршочна постапка, за спроведување на управна и на граѓанска постапка, а чие давање би имало штетни последици за текот на постапката; или информација која доколку стане достапна на јавноста ќе ги загрозува правата од индустриска или интелектуална сопственост информација (патент, модел, мостра, стоковен и услужен жиг, ознака на потеклото на производот).

5. Лицата од точка 1 на оваа Одлука се должни да постапуваат согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

6. Директорот на ООУ „Киро Глигоров" Скопје е должен да соработува со службените лице кои се овластени да посредуваат со информациите од јавен карактер.

7. Одлуката да се објави на интернет страницата на училиштето.

8. Одлукава стапува на сила со денот на донесувањето.

Скопје
11.06.2020 год.

Директор,

Билјана Билбиловска